**Известување за концентрација со која ЕП Еквити Инвестмент С.а р.л. Луксембург стекнува индиректна самостојна контрола над Касино, Гуичард-Перрачон С.А. Франција**

**(предмет бр. 08-174/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 13.12.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која ЕП Еквити Инвестмент С.а р.л. (EP Equity Investment S.á r.l.), со регистрирано седиште на адреса Плаце де Париз 2, Луксембург, ЛУ-ЛУ 2314, Луксембург, преку неговото зависно друштво ЕП Еквити Инвестмент III С.а р.л. (EP Equity Investment III S.á r.l.), со регистрирано седиште на адреса Плаце де Париз 2, 2314 Луксембург, Луксембург стекнува индиректна самостојна контрола над Касино, Гуичард-Перрачон С.А. (Casino, Guichard-Perrachon S.A.), со регистрирано седиште на адреса Коурс Антоние Гуичард 1, 42008, Сент-Етјен, Франција.

Групацијата на Стекнувачот, крајно контролирана од физичкото лице г-н Даниел Кретински, е активна во повеќе сектори. Истата има диверзифицирано портфолио на инвестиции во, меѓу другото, областите на енергетика, медиуми, електронска трговија, големопродажба и малопродажба на храна, и спорт.

Подносителот ја спроведува планираната концентрација преку неговото зависно друштво, ЕП Еквити Инвестмент III С.а р.л. (EP Equity Investment III S.á r.l.), со регистрирано седиште на адреса Плаце де Париз 2, 2314 Луксембург, Луксембург. ЕП Еквити Инвестмент III С.а р.л. е регистрирано како друштво со специјална намена без било какви деловни активности.

Во Северна Македонија, Групацијата на Стекнувачот е присутна преку своето зависно друштво, над кое остварува заедничка контрола - ЏИРАФА ДООЕЛ Скопје.

Касино, Гуичард-Перрачон С.А. (Casino, Guichard-Perrachon S.A.) е примарно активно во областа на малопродажба на стоки за секојдневна употреба.

Целното друштво нема зависни друштва во Северна Македонија и не е присутно на пазарот на Северна Македонија на ниту еден начин.

Релевантен пазар за концентрацијата е пазарот на малопродажба на стоки за секојдневна употреба во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

14.12.2023 година
Скопје